*Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ*

***УДК: 327(510)***
Прегледен труд

# НОВИОТ СВЕТСКИ ПОРЕДОКОД КИНЕСКА ПЕРСПЕКТИВА

***Кратка содржина:***

*Денес, луѓето, државите и меѓународните организации се чувствуваат позагрозени и понесигурни, многу повеќе отколку во минатото, а тоа придонесе до зголемување на потребата за безбедност и воспоставување на нов поредок и правилапреку кои успешно ќе се решаваат проблемите во светот.Една од водечките држави е НР Кина која зазема сѐ поголем удел на глобалната сценаи настојува да ја намали доминацијата и улогата на САД и на европските земји. Подемот на Кина како економска, безбедносно-воена и информатичко-технолошка сила придонесе до преместување на тежиштето и центарот на моќ од Запад кон Исток, а се создадоа можности и други азиски земји да најдат свое место и улога и да бидат важен субјект во новата меѓународна структура.*

*Со вклучување на нови актери на меѓународната сцена се менува балансот на силите и се наметнуваат нови правила на игра спротивни од западните земји. Од „новите менаџери“ се очекува поголема одговорност и влијание во реформирањето на постоечките меѓународни институции, како и редуцирање на факторите кои предизвикуваат нестабилност и водат кон анархичен светски поредок. Меѓутоа, заради различните вредности, интереси и цели што ги промовира НР Кина, се очекуваат редица безбедносни импликации од меѓународен карактер, интензивирање на геополитичките и геоекономските ривалства, поларизација, појава на нови ризици и опасности,и зголемена напнатост помеѓу големите сили.*

**Клучни зборови:** *НР Кина, социјализам, кинески карактеристики,светски поредок, стратешко ривалство.*

**Вовед**

Азија е најголемиот континент во светот кој содржи повеќе од половина од светската популација и опфаќа една третина од светското копно. Како во изминатитегодини,така и во иднина,важноста на континентот ќе се зголемува поради моќта и глобалното влијание на неколку азиски земји. Станува збор за НР Кина и Индија, држави кои сè уште не се навлезени во групата на развиени земји, а се движечка економска, безбедносно-воена и информатичко-технолошка сила. Тоа навестува дека 21 век ќе биде азиски или азиско-пацифичен век, во кој центарот на светската моќ ќе се префрли од Западот кон Истокот (Thatcher, 2002).Многумина сметаат дека подемот на НР Кина ќе претставува вовед во „златната доба" на азиски просперитет во кој кинеските вредности, култура и производи ќе ги воспоставуваат стандардите низ светот. Всушност, Кина со векови важеше за најпродуктивна економија и најфреквентна трговска област, уште во 1820 година таа произведувала повеќе од 30% од светскиот БДП со што ги надминувала бруто домашниот производ на Западна и Источна Европа и САД заедно (Kissinger, 2012). Статистичките податоци покажуваат дека во блиска иднина НР Кина ќе го преземе водството од САД, односно, ќе „стане земја број еденво светот".

Од своето основање во 1949 година Народна Република Кина е под водство на Комунистичката партија на Кина која успеала да ја трансформира земјата од полуфеудално општество во современо општество. Во текот на изминатите 74 години, Кина направи длабоки промени и постигна огромен напредок без преседан во човечката историја.Таа е една од најнаселените земји во светот со околу 1,4 милијарди луѓе, а за само неколку децении стана втора најголема светска економска сила.Според економските индикатори за период од 1952 до 2018 година, бруто-домашниот производ на Кина се зголемил за 174 пати, а БДП по глава на жител пораснал за 70 пати. Благодарение на нивниот брз раст стапката на сиромаштија се намалила од 10,2% на 1,7%, извлекувајќи повеќе од 800 милиони луѓе од сиромаштија и со тоа станала првата земја во развој што ја реализирала целта за намалување на сиромаштијата според Милениумските развојни цели на ООН(China and the World in the New Era, 2019).

Покрај тоа што е економска сила, таа се почесто ја интензивира улогата и во останатите сфери, како во безбедноста, одбраната, енергетиката и инфраструктурата. НР Кина е втора воена сила во светотчиј буџет за одбрана за 2022 година изнесувал292милијарди долари(Tian, Nan et al., 2023), а исто така е втората земја во светот со најголем придонес во буџетот на Обединетите нации, а учествувала и во 24 мировни операции. Сè уште важи за земја со најголем придонес на воени сили меѓу постојаните членки на Советот за безбедност на ООН. Воениот подем, учеството во меѓународните организации и глобалните иницијативи ѝ овозможуваатна Кина да се натпреварува со големите сили и да победи во борбата за стратешка надмоќ, а воедно и да го преобликува светскиот поредок според кинески карактеристики.

Од својата независност, НР Кина не започнала ниту една војна или конфликт, а тоа ѝ донело предност и повисока позиција во меѓународните односи. Покрај економскиот и воениот подем, таа се фокусирала и на зајакнување на својата „мека" моќ (преку институтот „Конфуциј", воспоставен во повеќе градови низ светот), и се залагала за одржување на светскиот мир преку мултилатерализам и соработка со останатите земји. Како најмоќна азиска земја, тежнее кон решавање на регионалните и глобалните проблеми преку учество во бројни меѓународни организации, од кои позначајни се БРИКС, СТО, ММФ, Шангајската организација за соработка, АПЕК, Азиската инфраструктурна инвестициона банка и други (China and the World in the New Era, 2019). Една од поважните стратешки иницијативи на Кина е „Појас и пат"[1] (Belt and Road Initiative - BRI), со која 147 земји (коиштосочинуваат две третини од светската популација и 40% од глобалниот БДП), потпишале договори за соработка со кинеската влада(McBride,Bermanand Chatzky, 2023). Сите показатели одат во полза на Кина, затоа што располага со огромна работна сила, производство, финансии, енергија и научно-технолошки потенцијал, доволно за да биде лидер на новата ера. Се очекува од Кина да направи препород во меѓународните односии да ја определи новата структура и насоката по која ќе се движи современата глобализација.

**Нова ера на социјализам со кинески карактеристики**

За прв пат во 2012 година претседателот на НР Кина ја претставил визијата за ревитализација на Кина како голема сила, наречена „Кинески сон".Овој сон имал за цел да обезбеди економски просперитет, социјална стабилност и повисок стандард на живот за граѓаните. Главната цел била да се врати националниот престиж и да се обезбеди пораст на Кина како голема и моќна социјалистичка земја(Heath,Gunness and Cooper, 2016). Во 2017 година, на 19 Конгрес на Комунистичката партија на Кина, претседателот Си Ѕинпинг најавил дека „социјализмот со кинески карактеристики влегол во новата ера", односно, доба во која земјата се приближила кон централната сцена (Munich Security Report, 2018: 24).

Според членот 1 од Уставот на НР Кина од 1982 година, таа е дефинирана како „социјалистичка држава под народна демократска диктатура предводена од работничката класа". Развојната филозофија на Кина се базира на почитување на „четирите основни принципи", тоа се: (1) држењедо патот на социјализмот; (2)поддршка на народната демократска диктатура; (3) поддршка на раководството на Комунистичката партијаи (4) поддршка на марксизмот-ленинизмот и мислата на Мао Це Тунг(Jinping, 2022:22). За политичкото лидерство на Кина, марксизмот претставува фундаментална водечка идеологија, којшто е прилагоден накинеските

[1]НР Кина има за цел повторно да го открие античкиот„Пат на свилата" за поврзување на Азија со Европа и Африка преку големи инфраструктурни инвестиции во поморски, патни и железнички проекти.

потреби и на новото време.И во иднина, Кина ќе настојува да го задржи овој зацртан идеолошки правец, надополнувајќи го со нови идеи, размислувања и стратегии,ине планира да го напушти или пак да го промени политичкиот систем.

Напредокот на Кина се должи на тоа што земјата има уникатен, централизиран, и авторитативен политички систем кој се разликува од западниот демократски систем. Таа има еднопартиски систем на владеење од страна на Комунистичката партија на Кина која владее со земјата од 1949 година до денес (**Constitution of the People'sRepublic of China**, 1982). Комунистичката партија на Кина е инфилтрирана во сите државни институции и организации, ги контролира администрацијата, конгресот, судството, безбедноста, војската, медиумите, социјалните организации и сите други субјекти во општеството.

Поради тоа, во изминатитегодини западните земји (пред сè САД), и организации, често го критикуваакинескиот комунистички режим за непочитување на човековите права и слободи и репресија врз етничките заедници.Западните лидери веруваа дека комунизмотво Кина ќе паднепоради брзиот економски напредок на земјата. Меѓутоа, Кина не отстапи одстрогата политичка контрола и автократскиот модел на управување.Напротив, успеа максимално да ги искористи бенефитите од капитализмот и да стане економска суперсила, без да ризикува со имплементација на демократијата. Како најмоќна држава во светот под контрола на комунизмот[2], ја зајакна својата меѓународна позиција и влијание.Особено, по глобалната финансиска рецесија во 2008 година, кога развиените земји од Западот ја гледаа Кина како „земја спасител" од која се очекуваше да ги спаси „давениците" (да им го исплати долгот), и да ги врати повторно во живот. Очигледно дека на Западот му е потребна комунистичка Кина повеќе отколку што на Кина и е потребен Западот и неолибералните вредности.

Од друга страна, на глобално ниво се случија радикални промени во демократскиот модел на управување–шестнаесет годинипо ред политичките права и граѓанските слободи во светот се во опаѓање.До 2022 година, 72% од светското население или 5,7 милијарди луѓе живеат во автократски режими, што е за 46% повеќе од пред десет години, додека 13% од населението во светот (или околу 1 милијарда луѓе), живеат во либерални демократии. Гледано од економски аспект, автократските земјисочинуваат 46% од глобалниот бруто-домашен производ(Papada,et al., 2023). Поради овој негативен тренд се очекува интензивирање на геополитичките ривалства, безбедносни импликации, поларизацијата и напнатоста меѓу државите со различни системскиуредувања.По сè изгледа судирот меѓу силите на демократијата и автократијата е неизбежен во следните години поради изразената поделеност

[2]Комунизмот е официјална форма на владеење во само пет земји,НР Кина, Северна Кореја, Лаос, Куба и Виетнам, коишто заедно сочинуваат околу 20% од светското население.

во светот на земји со либерално-демократски вредности и автократски земји. Загриженоста е особено изразена кај високоразвиените западни земји дека може да „никне“ алтернативен незападен модел на светски поредок кој ќе го предводат автократските земји (на чело со Кина и Русија), како замена накапиталистичкиот неолиберален поредок.

**Улогата на Кина во преобликувањето на меѓународниот поредок**

Подолго време системот за глобална безбедност е сериозно ослабен и не дава гаранции за да го заштити светот од идни потреси и кризи.Во изминатава деценија, неколкузначајни настанија нагласија потребата од структурни промени на меѓународниот политички, економскии безбедносен систем, тоа се: руската анексија на Крим (во 2014г.); Брегзит-излегувањето на Обединетото Кралство од ЕУ (во 2016г.); изборот на Доналд Трамп за претседател на САД (во 2017г.), кој ја интензивирашетрговската војна меѓу САД и Кина; пораст на национализмот (во 2018г.); глобалната пандемија на коронавирусот (во 2020г.); повлекување на американските трупи и на НАТО силите од Авганистан (во 2021г.); војната во Украина (во 2022г.), и глобалната економска несигурност (во 2023г.).

Некои од овие случувања, во помала или поголема мера, предизвикаа „длабоки пукнатини“ во меѓународната структура,поттикнув ајќибројнидебати и размислувања за иднината на меѓународниот поредок. Особено, актуелната Руско-украинска војна послужи како „повик за будење“ за реформирање и за обликувањена светскиот поредок.Според рускиот претседател Владимир Путин, војната во Украинапретставува„почеток за радикално рушење на американскиот стил на светски поредок и транзиција од либерално-глобалистички американски егоцентризам во вистински мултиполарен свет“(Bunde,et al., 2023:14).Пред неколку години, на „Форумот за глобално владеење“ во Париз, и кинескиот претседател Си Ѓинпинг, побарал од сите земји да преземат напори и заеднички да ја обликуваат иднината на човештвото, со цел да се справат со глобалните предизвици. Тој понудил четиристран пристап за решавање на „четирите дефицити“ во светот. Прво, потребни се правичност и разумност за решавање на „дефицитот со владеење“. Второ, неопходни се консултации и разбирање за надминување на „дефицитот од доверба“.Трето, за справување со „дефицитот од мир“,потребни се заеднички напори и заемна помош, и четврто, заемна корист и соработка за решавање на „дефицитот во развојот“ (China’s solution to solving four deficits in global governance, 2019).

Поради недостатоците на мир,безбедност, развој и глобално владеење, се очекуваат флуктуации во меѓународниот поредок иможна фрагментација насветот на неколку безбедносни и економски блокови со различна големина, сила и сфера на интереси.Во зависност од динамиката на меѓународната сцена, промената на безбедносното опкружување,(формирање нови ад хок коалиции или неформални сојузи во случај на итна потреба - војни, кризи и сл.), ќе се менува и светскиот поредок.

Сегашниотмеѓународен поредок се наоѓа во фаза на транзиција од униполарен кон би-мултиполарен поредок, чиј изглед допрва ќе треба да се дефинира од страна на главните актери како САД,Кина,ЕУ, Русија и Индија. Станува збор за хибриден биполарен-мултиполарен поредок, кој е сочинет од два центри на моќ САД и Кина кои се во крутмеѓусебен однос и неколку сили послаби од нив (ЕУ, Русија и Индија), коишто гравитираат околу суперсилите.Ваквиотпоредок се совпаѓа со искажувањата на „железниот канцелар" Ото фон Бизмарк, кој рекол„во светскиот поредок од пет држави, секогаш е пожелно да се биде дел од групата сочинета од тридржави. Применето врз интеракција на три држави, пожелно е да се биде дел од групата сочинета од две држави" (Kissinger, 2012).

Иако постепено се намалува американската моќ,тие сѐ уште се единствената суперсила со големо влијание во светот и во меѓународните организации како што се ООН, НАТО, ММФ, Светска банка, СТО и Г7.Единствен конкурент на САД во борбата за глобална превласт е НР Кина која во ерата на постстудената војна се прилагоди на променливиот меѓународен поредок.Оттука, се поставуваат прашањатапо кој пат ќе се движи Кина? Кои се нејзините цели при обликувањето на светот? Дали ќе се стреми кон соработка или кон конфронтација?

Првите две децении од 21 век претставуваа стратешки период на можности за Кинакоја бараше различни начини да изгради нов меѓународен политичкииекономскипоредок.Таасезалагазавистинскимултилатерализам и меѓународна соработка, а е против сите форми на хегемонизам, политика на моќ, унилатерализам, протекционизам и неоколонизација. Исто така, нема да чекори по стариот пат на војната, менталитетот од Студената војна и „законот на џунглата". Како модерна суперсила која оствари подем без да прибегне кон војна или конфликт во изминатите седумдесет години,таа ќе промовира нов модел на меѓународни односикаде што ќе се почитуваат петте принципи на мирољубиво коегзистирање, а тоа се: заемно почитување на суверенитетот и територијалниот интегритет;ненапаѓање; немешање во внатрешните работи на другите држави; еднаквост и заемна корист и мирољубива коегзистенција(Jinping, 2022: 53).Еден од принципите е немешање во внатрешните работи на другите држави,кој претставува основен интерес на секоја држава, и не е предмет на компромис бидејќи е прашање од високата политика на национална безбедност[3](Саливан, 2012: 287).

[3]Со години наназад, Кина се соочува со проблемите околу територијалната целовитост на земјата и одржувањето контрола над Тајван и Тибет, како и сувереноста над спорната група на острови во Јужното Кинеско Море. Таа се спротивставува на обидите за мешање на надворешни сили во внатрешните работи на Хонгконг и Макао, а особено ќе ги спречи антикинеските намери за независност на Тајван. Тајванското прашање претставува стратешка линија на раздвојување помеѓу големите сили, кое дополнително го зголемува степенот на неизвесност и конфронтација меѓу Кина и САД. Од друга страна, Кина сѐ уште го применува концептот на владеење „една земја, два системи"(one country, two systems), што

Новиот модел на меѓународни односи треба да се гради врз принципите на меѓусебно почитување, соработка, правда и еднаквост меѓу сите земји (големи и мали, силни и слаби, богати и сиромашни земји).НРКина ќе се залага сите земји да партиципираат во новата меѓународна структура,да придонесуваат за решавање на глобалните прашања како што се чувањето на светскиот мир и безбедност, поддржување на мултилатерализмот и слободната трговија. Почитување на заедничките интереси, наместо максимизирање на националните интереси и на практиката „победникот зема сѐ". Генерално, Кина се залагаза мир, соработка и развој, како и за заедничка, сеопфатна, кооперативна и одржлива безбедност, а ќе избегнува изолација, конфронтација,воени конфликти и злоупотреба на моќ во меѓународните односи.Исто така, е против играта „нулта сума" и политиката насоздавање блокови (Jinping, 2022).

Според кинеската визија, се очекува меѓународните институции да ја имаат главната улога во справувањето со безбедносните предизвици и опасности, при што ООН ќе бидат основен камен-темелник за одржување на глобалната безбедност и стабилноста на меѓународниот поредок. Оттука и потребата од редефинирање на постоечкиот модел на меѓународен систем кој се потпира на организации и институции кои постојат повеќе од 75 години, а чија улога е да превенираат регионална или глобална криза. Во тој контекст, Кина презема активна улога во реформирањето и развојот на системот за глобално управување, вклучувајќи реформи на глобалните економски институции-Светска трговска организација, Светска банка и ММФ. Исто така, ќе ја промовира улогата на Г-20 како главен форум за меѓународна економска соработкаи за преземање на антикризни мерки, кој ќе придонесува за глобалното економско управување.Кина ќе настојува новиот модел на економска глобализација да се развива и обликува од страна на сите земји, цврсто спротивставувајќи се на унилатералните пристапи и протекционизмот (China and the World in the New Era, 2019).

Како постојана земја-членка на Советот за безбедност при ООН, таа предложи и неколку значајни глобални иницијативи(концепти),како што се „Иницијативата за глобален развој" (Global Development Initiative-GDI) и„Иницијативата за глобална безбедност"(Global Security Initiative-GSI). Глобалните иницијативи,во коишто јасно се дефинирани основните

---

значи во поголемиот дел од земјата се применува социјалистичкиот систем, додека капиталистичкиот систем и начин на живот се употребува во Хонгконг и Макао. Откако Обединетото Кралство го врати Хонгконг под кинеска власт во 1997 година, Пекинг вети широка автономија, неограничени индивидуални права и судска независност до 2047 година. Но, со усвојувањето на новиот Закон за национална безбедност на Хонгконг во 2020 година, Кина ги ограничи автономијата, слободите и правата во „името на националната безбедност", а ќе ги спречува и казнува обидите за сецесија, субверзија на државната моќ, тероризмот и странското мешање во работите на Хонгконг.

концепти[4], принципи и приоритети, сè клучот за постигнување одржлива безбедност во меѓународната заедница преку глобаленразвој и просперитет. Во нив детално предложени се решенијатаза меѓународните економско-социјални и безбедносни предизвици. Залагајќи се за почитување на различностите на цивилизациите, промовирање на заедничките вредности на човештвото и коегзистенцијатапомеѓу луѓето, Кина ја промовираше и „Глобалната цивилизациска иницијатива“ (Global Civilization Initiative-GCI), во која се потенцира дека не постои разлика помеѓу супериорни и инфериорни цивилизации.

Од претходново, се забележува дека Кина ќе настапува глобалистички, а најдобро ќе се промовира и отвора кон светот преку стратешката иницијатива „Појас и пат“(Belt and Road Initiative - BRI), и преку останатите иницијативи за глобално поврзување „Поларен пат на свилата“ (Polar Silk Road) и „Дигитален пат на свилата“ (Digital Silk Road - DSR).Додека со нејзините национални стратешки планови „Произведено во Кина 2025“ (*Made in China 2025- MIC) и* „Кинески стандарди 2035“ (China Standards 2035), ќе се стреми кон светска доминација во високотехнолошката индустрија, воспоставувајќи глобални стандарди за новите технологии како што се 5Г, интернет уредите, напредна роботика и вештачката интелигенција.

Предноста на НР Кина во однос на другите големи сили е што може да ги користи своите можности во сите три круга (кругот на суперсилите, на развиените држави и на земјите во развој). Нејзината уникатност да соработува и гради пријателство со сите земјиво светот (вклучувајќи ги и земјитешто се долгогодишни непријатели на САД, како С.Кореја, Венецуела, Иран и др.), ѝ овозможи даја зацврсти својата позицијана глобално ниво. Тоа се должи и на недостатоците на актуелниот западно-ориентиран светски поредок кој земјите од глобалниот Југ го окарактеризираа како постколонијална доминација, двојни стандарди и занемарување на проблемите на земјите во развој (Bunde,et al., 2023: 22).Особено, војната во Украина ја промени „играта“, при што ривалствотопомеѓу САД и Русија беше шанса за позиционирањена Кина за лидер во моделирањето на новиот светски поредок.

---

[4]Според „Иницијативата за глобална безбедност“, основни концепти и принципи се: (1) посветеност на визијата за заедничка, сеопфатна, кооперативна и одржлива безбедност;(2) почитување на суверенитетот и територијалниот интегритет на сите земји;(3) почитување на целите и принципите на Повелбата на ООН;(4) сериозно сфаќање на легитимните безбедносни грижи на сите земји;(5) мирно решавање на разликите и споровите меѓу земјите преку дијалог и консултациии (6) одржување на безбедноста во традиционалните и во нетрадиционалните домени (The Global Security Initiative,2023). Додека, во „Иницијативата за глобален развој“ наведени се следниве основни концепти и принципи:(1) давање приоритет на развојот;(2) пристап насочен кон луѓето;(3)ниту една земја да не се остави зад себе; (4) хармонија помеѓу човекот и природата;(5) поттикнување на иновациите; (6) глобално развојно партнерство;(7) акциски ориентиран пристапи (8) синергија(Global Development Initiative,2021).

**НР Кина како партнер, конкурент и системски ривал**

**Зголемените геополитички ривалства помеѓу големите сили придонесоа до зајакнување на старите сојузи или формирање на нови сојузи и партнерства коишто директно влијаат врз обликувањето на меѓународниот поредок. Се поставува прашањето дали во изменетото безбедносно опкружување државитеќе ја гледаатКина како партнер, конкурент или системски ривал?**

**Во изминатите седум децении НР Кина изгради стратешко партнерство со Русија, кое беше потврдено со заедничките изјави на лидерите на двете земји пред почетокот на инвазијата врз Украина. Нивното продлабочено „сеопфатно стратешко партнерство на координација за новата ера“ е потврда за пријателството „без граници“и заштита на нивните национални вредности и интереси (**Ministry of Foreign Affairs of the People's Republic of China,2023).Двете автократски земјиразвиваат специјалниполитички, економски, воени и енергетски односи кои веројатно ќе влијаат врз идната структура на меѓународниот поредок. Со потпишување на бројни документи за стратешка соработка тие ги најавуваат заложбите за мултиполарен свет, демократизација на меѓународните односи и зачувување на разноликоста на светот.

Сино-руското стратешкото партнерство посебно се истакнува во рамките на Шангајската организација за соработка (ШОС) и во БРИКС (Бразил, Русија, Индија, Кина и Јужноафриканска Република), каде што се зајакнува соработката во областа на политиката, безбедноста, одбраната иекономијата. Затоа,од година во година, растеинтересот на земјите за членство или соработка со овие организации. Покрај тоа, Кина и Русија настојуваат да ја зајакнат соработката соАзиско-пацифичката економска соработка (АПЕК) и со Асоцијацијата на нации од Југоисточна Азија (АСЕАН), која пак има централна улога во развојот на Источна Азија.

Постои можност за формирање паралелни политички, безбедносно-воени и економски системи, како алтернатива на постоечките западни меѓународни организации и институции. Така што, Азиската инфраструктурна инвестициона банка (основана од Кина), може да биде конкурентна на ММФ и на Светската банка, а Шангајската организација за соработка да стане пандан на НАТО (Chomsky, 2016), додека БРИКС дабидееквивалент нагрупата Г7.Од тие причини западните земји преку НАТО, ЕУ и Г7 ќе настојуваат да го заштитат либералниот-демократски поредок и своите сфери на интереси, додека земјите-членки на ШОС и БРИКС ќе се обидат дагинаметнат своите вредности и „правила на игра“кои се спротивни од западните.

Многумина сметаат дека кинеско-рускиот пактпретставува голема закана за стабилноста на западниот либерален поредок.Токму поради тоа, западните земји и организации како САД, НАТО и ЕУ започнаа со менување на нивните стратешки безбедносни и одбранбени документи,нагласувајќи ја

тројната улога на Кина,какоекономски партнер, конкурент и како системски ривал. Во пракса, сино-американските односи се помалку партнерство, а повеќе ривалство или „конкурентна коегзистенција", додека, односите меѓу Кина и ЕУ се повеќе трговски партнери отколку ривали.НР Кина и Европската Унија имаат многу повеќе заеднички интереси отколку разлики. Иако имаат различни системски вредности, сепак, двете страни градат сеопфатно стратешко партнерство, го поддржуваат мултилатерализмот и работата на меѓународните организации коишто се чувари на мирот и стабилноста во светот. За разлика од нив, САД повеќе се наклонети кон унилатерализмот,„слободата на дејствување" и „трговија со врвот од бајонетот"без да имаат ограничувања од меѓународните институции, затоа што се значително помоќна воена сила од Кина и од ЕУ(Fukuyama, 2005).

Во однос на ривалството, одредени настани (како што се затегнатите трговски односи меѓу САД и Кина, потеклото на пандемијата на коронавирусот, обвинувањата дека кинеската технолошка компанија „Хуавеј**" и „Тик-Ток" апликација се закана за националната безбедност на САД, поддршката за независност на Тајван),**го зголемија интензитетот на натпреварот помеѓу суперсилите.Стравот од економскиот,воениот и од информатичко-технолошкиот подем на Кина, ги принудизападните сојузници и организации да се фокусираат и кон изработка на стратегии за ангажирање во Индо-пацифичкиот Регионсо цел да го ограничат влијанието на Кина и нејзините аспирации за светски лидер.Еден од начините како да се спречи доминацијата на Кина во Азијаи формирање на азиски непријателски блок, Западот го гледа преку создавање флексибилни формати за соработка како што се Квадрилатералниот безбедносен дијалог (меѓу Австралија, Индија, Јапонија и САД), Трилатералниот безбедносен пакт – АУКУС (меѓу Австралија, Обединетото Кралство и САД),разузнавачката алијанса „Пет очи" (меѓу Австралија, Канада, Нов Зеланд, Обединетото Кралство и САД), и други билатерални договори за безбедносно-одбранбена соработка.

Американско-кинеското геостратешко ривалство допрва ќе се интензивира, посебно околу Тајванскиот Теснец, којшто е невралгична безбедносна точка на Азиско-пацифичкиот Регион и на светот.Поради сложените и претежно лоши односи меѓу големите сили, како и помеѓу регионалните сили, овој регион ќе претставува потенцијално стратегиско и геополитичко бојно поле во иднина.Засега, кинеското раководство истакнува дека земјата е насочена кон неофанзивна национална одбранбена политика,односно е против експанзионизам и воопшто нема намери да ги предизвикува Соединетите Американски Држави, кои сè уште сенајмоќна воена сила во светот.Од друга страна, САД и сојузниците настојуваат по секоја цена да ја редуцираат нивната стратешка зависност од Кина. Меѓутоа, секојанамера да се потисне Кина од Азија или од Европа нема да успее, затоа што е незаменлив трговски партнер наповеќето држави, вклучувајќи ги и земјите од ЕУ и САД. Но, и секој кинески обид да ги исклучи САД од азиските економски и безбедносни прашања ќе наиде на сериозен отпор од азиските

земји што стравуваат од моќта и доминацијата на Кина (Kissinger, 2012). Сметаме дека соработката и мироѕубивата коегзистенција се единствениот пат кој води кон подобра иднинаи кој може да ги намали тензиите помеѓу суперсилите, но, и да ја спречи новата Студена војна и поларизацијата на кинески и американски блокови.

**Заклучок**

Логички е новиот меѓународен поредок да има мултиполарно обележје и во него да опстојуваат пет или шест големи сили кои меѓусебно ќе се натпреваруваат на глобалната сцена. Мултиполарниот модел на светски поредок кој го застапува и НР Кина е од големо значење, бидејќи води кон рамномерна распределба на моќта и на бенефитите помеѓу земјите, што досега не беше случај.Покрај големите сили што ќе ја носат „тежината“на светот, Кина се залага сите земји да учествуваат во новата меѓународна структура и да придонесуваат за решавање на глобалните прашања. Од клучно значење е да се признаат легитимните интереси на сите држави и народи, како и нивната еднаквост во институциите на меѓународниот систем, без разлика на нивната големина, развој или моќ. Затоа, кинеската визија за новиот светски поредок се фокусира на еднаквост, соработка, развој и мироѕубива коегзистенција, а е против изолација, хегемонизам и конфронтација во меѓународните односи.

Кина и во иднина ќе го задржи својот идеолошки правец-социјализам со кинески карактеристики,надополнувајќи го со нови иницијативи, стратегии и планови за глобално влијание и за доминација.Како најголема земја во развој, а воедно и како втора економска и воена сила е единствената земја во светотшто ја загрозувалидерската позиција на САД. Според повеќе показатели се очекува до 2030 година или најдоцна до 2050 година,Кина да стане водечка суперсила во светот. Притоа ќе се воспостават нови правила и вредности спротивни на западните, што може да доведат до зголемување на геополитичките ривалства, поларизација и редица безбедносни импликации од меѓународен карактер.Останува да видиме дали поради конфликтните односи меѓу Исток-Запад, светот ќе се фрагментира на неколку безбедносни и економски блокови со различна големина, сила и сфера на интереси,или пак новиот кинески модел на мултиполарен светски поредок ќе биде постабилен, побезбеден и поправеден и ќе има решенија во случај на глобални економски, безбедносни и социјални кризи.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Bunde, T., et al.(2023).*"Munich Security Report 2023:Re:vision"*. Munich: Munich Security Conference. Достапно на: https://doi.org/10.47342/ZBJA9198[Посетено на 22 март 2023]
2. "*China's solution to solving four deficits in global governance*". (2019). Достапно на: https://news.cgtn.com/news/3d3d514e31596a4e33457a6333566d54/index.html [Посетено на 11 април 2023]
3. *China and the World in the New Era*.(2019).The State Council Information Office of the People's Republic of China.Достапно на: http://english.www.gov. cn/archive/whitepaper/201909/27/content_WS5d8d80f9c6d0bcf8c4c142ef.html [Посетено на 10 јануари 2023]
4. Chomsky, N.(2016).*Who rules the World*.New York:Metropolitan Books.
5. Constitution of the People's Republic of China. (1982). Достапно на: http://english.www.gov.cn/archive/lawsregulations/201911/20/content_WS5ed8856ec6d0b3f0e9499913.html[Посетено на 7 февруари 2023]
6. Fukuyama, F.(2005). *State Building:Governance and World Order in the 21st Century*. Cornell University Press.
7. "*Global Development Initiative—Building on 2030 SDGsfor Stronger, Greener and Healthier Global Development*".(2021). Достапно на: https://nzchinasociety.org.nz/wp-content/uploads/2022/03/GDI-Concept-Paper.pdf[Посетено на 6 март 2023]
8. Heath, T.R., Gunness, K. and Cooper C.A.(2016).*The PLA and China's Rejuvenation: National Security and Military Strategies,Deterrence Concepts, and Combat Capabilities*, RAND Corporation, 2016.
9. Huntington, P.S.(1999). "*The Lonely Superpower*". Foreign Affairs,Vol. 78, No. 2, pp. 35-49. Достапно на: https://www.foreignaffairs.com/articles/united-states/1999-03-01/lonely-superpower[Посетено на 17 ноември 2022]
10. Jinping, X. (2022) "*Hold High the Great Banner of Socialism with Chinese Characteristics and Strive in Unity to Build a Modern Socialist Country in All Respects*". Report to the 20th National Congress of the Communist Party of China. Достапно на:http://dm.china-embassy. gov.cn/eng/zgxw/202211/P020221101112630789457.pdf [Посетено на 4 март 2023]
11. "*Joint Statement of the Russian Federation and the People's Republic of China on the International Relations Entering a New Era and the Global Sustainable Development*".(2022). Достапно на: http://www.en.kremlin.ru/supplement/5770[Посетено на 3 јануари 2023]
12. Kissinger, H.(2012). *On China*.USA:Penguin Books.
13. McBride, J.,Berman, N. and Chatzky A.(2023)."China's Massive Belt and Road Initiative".Council on Foreign Relations. Достапно на: https://www.cfr.org/backgrounder/chinas-massive-belt-and-road-initiative[Посетено на 9 април 2023]

14. Ministry of Foreign Affairs of the People's Republic of China.(2023). "*Joint Statement of the People's Republic of China and the Russian Federation on Deepening the Comprehensive Strategic Partnership of Coordination for the New Era and Stress Settling the Ukraine Crisis Through Dialogue*". Достапно на: https://www.fmprc.gov.cn/eng/zxxx_662805/ 202303/t20230322_11046088.html[Посетено на 8 април 2023]

15. Ministry of Foreign Affairs of the People's Republic of China.(2023) "*The Global Security Initiative*". Достапно на: https://www.fmprc.gov.cn/mfa_eng/wjbxw/202302/t20230221_11028348.html[Посетено на 11март 2023]

16. *Munich SecurityReport 2018: To the Brink – and Back*?(2018). Munich Security Conference.Достапнона:https://securityconference.org/assets/02_Dokumente/01_Publikationen/Munich SecurityReport2018.pdf [Посетено на 26 ноември 2022]

17. Papada, E. et al. (2023). *Defiance in the Face of Autocratization*. *Democracy Report 2023*. University of Gothenburg: Varieties of Democracy Institute (V-Dem Institute). Достапно на: https://www.v-dem.net/documents/29/V-dem_democracyreport2023_lowres.pdf[Посетено на 14 март2023]

18. Путин, В.(2017). *Зборови што го менуваат светот.* Скопје: Ѓурѓа.

19. Саливан, Е.(2012). „*Аргументот на реалистите во однос на мултилатералната дипломатија*" во: Мулдон, Џ. П. и др. *Новата динамика на мултилатерализмот: дипломатијата, меѓународните организации и глобалното управување*. Скопје. Арс Ламина: (285-295)

20. Thatcher, M. (2002). *Statecraft*.UK: Harper Collins Publishers.

21. Tian, Nan et al.(2023)."*Trends in World Military Expenditure 2022*".SIPRI. Достапно на: https://doi.org/10.55163/PNVP2622[Посетено на 30 април 2023]